"БРЕГАЛНИЦА" с.в.
Бр. 0102-277
16.12.2011 год.
Делчево

Врз основа на член 19 став 2 точка 3 од Законот за јавни претпријатија , член 16 став 1 точка 3 и член 33 од Статутот на ЈПКД "Брегалница"- Делчево Управниот одбор на предлог на Директорот ја усвојува следната:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈПКД "БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО ЗА 2012 ГОДИНА

## Вовед

ЈПКД"Брегалница"-Делчево е јавно претпријатие основано од Општина Делчево заради вршење на комунални дејсности кои се од јавен интерес и кои се незаменлив услов во животот на граѓаните и стопанските субјекти во Општина Делчево, и тоа посебно во сферата на дистрибуцијата на вода за пиење и собирањето на комунален цврст отпад.

За успешно извршување на својата дејност а согласно со член 33 од Статутот на претпријатието на предлог на директорот се донесува Програма за работа и развој на претпријатието.

При изготвувањето на Програмата за работа е појдено пред се од целите и интересите за постигнување на што подобри резултати во работењето врз база на целосно искористување на капацитетите, максимално подигање на нивото на услугите , максимална искористување на вработените и опремата а во исто време максимално намалување на трошоците на работењето.

Во текот на 2012 година ЈПКД "Брегалница"-Делчево посебен ангажман ќе посвети на следните дејности:

-дистрибуција на чиста и здрава вода за пиење;
-одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
-собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
-расчистување на диви депонии во градот и руралните населби.
-изградба на нова и реконструкција на постојната јавна инфраструктура;
-чистење и метење на улици и јавни површини;
-одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
-одржување и уредување на градски гробишта;
-одржување на градски зелен пазар;

За што поуспешно извршување на својата дејност а во согласност со Статутот, претпријатието е организирано во 5 работни единици, и тоа:

1. Одделение за Општи, правни и финансиски работи;

2.1. Група за водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа;

2.2. Група за комунална хигиена, одржување на градска депонија и механизација;

2.3. Група за градежно-оперативни работи и управување со градски православни гробишта;

2.4. Група за одржување и уредување на јавни и зелени површини и речни корита;

**Одделение за општи, правни и финансиски работи**

Одделение за Општи, правни и финансиски работи ги извршува сите работи што се од заеднички карактер за Претпријатието и останатите работни единици и работите околу правилно и законско функционирање на целокупното работење. Исто така се грижи за сите правни и административно-техничките работи (следење на законските прописи, подготвување и усогласување на општите акти, архивирање, евиденција и средување на актите и др.)

Посебен акцент од делокругот на оваа работна единица се става на работите од областа на работните односи-заштитата на правата на работниците и нивно усовршување, информираноста на вработените како и работите од доменот на заштитата на имотот, побарувањата и правата на Претпријатието.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето правната служба е задолжена за преземање на сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците на услуги, односно за таа цел ќе бидат поднесени согласно измените во Законот за извршување до надлежните Нотари, предлози за донесување на решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа односно ќе бидат покренати постапки за присилна наплата на долгот од нередовните корисници на услуги.

Од областа на финансиското работење се врши изготвување на финансиски планови и анализи за работата на Претпријатието, реализација на побарувањата и обврските, изготвување на сметководствени извештаи (периодични и годишни), Годишна сметка, прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период, за работите околу осигурувањето, јавните набавки и комерција како и ажурирање и точно водење на податоците и вршење на наплата на услугите кои ги дава Претпријатието преку службата на инкасатори.

Во координација со останатите работни единици посебно внимание ќе се посвети на наплатата на фактурите од корисниците на услуги односно на зголемување на реализацијата и ефикасноста во работењето како предуслов за квалитетно извршување на услугите.

**Група за водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа**

Работната единица- Водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа ги врши сите работи со кои се реализира зафаќање, доведување и дистрибуција на вода, изградба на нови водоводни и канализациони линии, реконструкција и замена на постоечките водоводни и канализациони линии, монтирње на пумпни станици како и тековно и инвестиционо одржување на комплетната водоводна и канализациона мрежа во градот и општината.

Снабдувањето со вода за пиење се врши од системот за водоснабдување Брана "Лошана" и постоечките пумпни станици кои се во исправна состојба и се врши нивно редовно одржување така што во случај на енормно високи температури и суши во летниот период истите можат да се вклучат во системот за водоснабдување со што не би имало никаков проблем со водоснабдувањето и во летниот период.

Во претстојната 2012 година во оваа работна единица се планира извршување на следните работни активности:

- Дислокација на главната водоводна линија во населба Пролет;
- Зафат на природна вода од Звегорска река до парк кај споменик на Гоце Делчев;

- Изградба на два таложника на цевководот од системот за водоснабдување "Брана Лошана";

- Замена на старите АЦЦ (Азбест цементни цевки) со ПВЦ или ПЕ цевки во на улица "М.М.Брицо" и "Ѓорче Петров" со вкупна должина од 800 м;

- Замена на старите азбестни цевки со ПВЦ или ПЕ цевки во Ново Делчево во должина од 1000 м1;

- Реконструкција на главната водоводна линија на улица "Велко Влаховиќ" и замена на АЦЦ цевки со ПВЦ или ПЕ цевки;

- Реконструкција на водоводна мрежа на дел од улица "Питу Гули" во населба Милково Брдо;

- Изградба на главна водоводна линија во населба "Басарица" ;

Исто така во приоритетите за 2012 година спаѓа и проширувањето на Филтер станицата или изнаоѓање можности заедно со Локалната самоуправа за изградба на нова Пречистителна станица која ќе одговори на новите потреби кои настанаа со пуштањето на системот за водоснабдување "Брана-Лошана" со што би се зголемил протокот на вода кој сега изнесува 50-60 литри во секунда и би се овозможило непрекинато снабдување со вода и на највисоките делови во градот во текот на сите дванаесет месеци во годината.

Се планира дистрибуција на здрава и чиста вода за пиење во градот и сите приградски и селски населби до 4.660 корисници на водоводната мрежа во вкупна количина од 980.500 м3 вода.

Планираната дистрибуција за 2012 година по категории на корисници би изгледала вака:

| | |
|---|---|
| 1.Физички лица(домаќинства) | 805.000 м3 |
| 2.Правни лица | 165.000 м3 |
| 3.Наменска вода | |
| а) Одржување на паркови и зеленила | 5.500 м3 |
| б) Јавни чешми и фонтани | 5.000 м3 |
| ВКУПНО: | 980.500 м3 |

Исто така една од дејностите на оваа работна единица е одржување и чистење на канализациониот систем кој е во должина од 4.200 м1 и канализационата градска мрежа во должина од 40.800 м1. Во 2012 година се планира да се одведат преку градската канализациона мрежа на отпадни фекални води околу 820.000 м3 урбани отпадни води. Во однос на инвестициите во канализационата мрежа со средства од буџетот на Општина Делчево и средства од сопствени приходи планирани се следните активности:

- Спојување на колекторот за отпадни води од с.Звегор до населба Звегорска река во должина од 800 м;
- Изградба на фекална канализација во населба Спортски центар.
- Изградба на фекална канализација во населба Стрелиште;
- Изгрдаба на колектор за фекални отпадни води во населба "8-ми Септември"
- Продолжување на фекална канализација во Пустевски ендек во должина од 150 м;
- Продолжување на колектор за отпадни води од десна страна на река Брегалница во должина од 400 м;

**Група за комунална хигиена и одржување на градска депонија**

Работните активности во оваа работна единица се состојат во секојдневно собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад од домаќинствата како во градот Делчево и приградските населби така и во селата Тработивиште, Град, Звегор и Габрово и комуналниот отпад од основните училишта во с. Стамер и с.Вирче.

Исто така се врши секојдневно собирање на индустрискиот и комерцијалниот отпад од стопанските субјекти во градот и приградските населби.

Во основните дејности на оваа работна единица спаѓа и уредувањето, одржувањето и стопанисувањето со градската депонија Острец.

Покрај редовното и секојдневно собирање на сметот, во есенските месеци (Октомври, Ноември) се врши дополнително собирање и изнесување на растителниот отпад од дворните места на физичките и правните лица.

За вршењето на горенаведените дејности ЈПКД "Брегалница"-Делчево располага со:

- три специјални товарни возила за собирање на отпад (MERCEDES 2222, IVEKO 49.12 и MERCEDES 1213-42 ;
- два трактори со приколка (ИМТ 539 и ИМТ 565);
- три граджни машини за уредување на депонија Острец (Булдожер ТГ 75, Ровкопач-утоварач ФАИ и Ровокопач Б51)

Во 2012 година се планира активирање на уште едно специјално возило за собирање со отпад со што ќе се обезбеди навремено собирање на отпадот во општината.

Во 2012 година се планира да се собере вкупно 8.500 тони комунален отпад и тоа од околу 4.000 домаќинства и од околу 330 правни лица односно установи согласно Оперативниот план за собирање и депонирање на отпад. Во исто време се планира да се собере и депонира и околу 160 тони индустриски и комерцијален отпад од стопански субјекти со кои имаме склучено договори.

Целокупниот отпад од градот Делчево и приградските населби се транспортира и депонира во градска депонија Острец. Локацијата на времената депонија Острец Делчево се наоѓа на оддалеченост од 5,5 км од градот. Површината на истата изнесува некаде околу 1,5 хектари. Од сите страни е опколена со шуми а воедно покрај неа поминува патот за Црна скала кон Р. Бугарија.

Согласно важечките законски нормативи во 2012 година мора да се изврши целосно оградување на самата депонија па за таа намена се планира поставување на бетонски столбови 200 бр, поставување на универзално плетиво (мрежа) во висина од 1.5м во површина од 685 м2, поставување на бодликава жица како и пробивање на обиколен пат (појас) за заштита од пожари во ширина од 8м1 и вкупно во површина од 4.000 м2.

Неколкупати имаме споменувано дека локацијата на депонијата претставува проблем, пред се самата оддалеченост а исто така и во зимските услови при големи врнежи од снег при што се мора да се користи механизација за расчистување на патот и негова проодност. Во соработка со локалната самоуправа и во зависност од можноста за изнаоѓање средства се планира изнаоѓање на нова локација за депонија.

Во 2012 година за истакнување е продолжување со планот за реализирање на проектот за собирање и селектирање на ПЕТ амбалажата во кој исто така се вклучени повеќе општини од регионот меѓу кои и Општина Делчево за чија цел ќе бидат поставени садови за селектирање на пластчниот отпад и негова припрема за рециклирање.

Во оваа работна единица во текот на 2012 година се планира да се направи комплетно спроведување на Одлуката на Советот на Општина Делчево за замена на дотраените метални контејнери со типизирани пластични канти и се планира целосна замена на сите дотраени контејнери наменети за индивидуалните станбени згради со пластични канти од 120 литри.

Како и досега и во иднина ќе се трудиме да го подобриме квалитетот на услугата и да ја подигнеме свеста како на вработените така и ан населението на повисоко ниво, така што се надеваме дека со поголема соработка од самите граѓани оваа дејност поуспешно ќе ја извршуваме во наредниот период.

**Група за градежно-оперативни работи и управување со градски гробишта;**

Работната единица за градежно-оперативни работи и управување со Градски православни гробишта организира и врши градежно оперативни работи од типот на ниска градба за потребите на претпријатието, соработува со останатите работни единици за оперативни работи, врши одржување и управување со градските гробишта и организира погребни услуги.

**Со финансиски срадства на Буџетот на Општина Делчево наменети за партерно уредување на градот и населените места во Општината се планира извршување на следните работи:**

- Довршување на жардинерии на Булевар Македонија од семафори до Шумско стопанство "Голак";
- Реконструкција на жардинерии на ул. "М.Тито" со уградување на сечен камен и поставување на заштитни рабници;
- Уредување на просторот меѓу река Габровчица и споменикот на Гоце Делчев со изработка на езерца, фонтана, стази и други содржини;
- Довршување на регулација на Звегорска река;
- Изградба на детски игралишта во населба Милково брдо на улица Рударска и на улица Питу Гули;
- Изградба на детски игралишта во Први реон и Трети реон;
- Изградба на мини парк и пешачка стаза на улица "Х.Т.Карпош" во населба Стар расадник;
- Изградба на централна чешма и плоштад во с.Град;
- Изградба на чешма во населба Стрелиште;
- Довршување на плоштад во с. Стамер;
- Уредување на парк кај Културен дом;
- Уредување на простор пред Стопанска банка;
- Изградба на тротоари во површина од 2000 м2;
- Изградба на Пешачки и пристапни патеки во површина од 1500 м2;
- Санација и проширување на мостови (доизградба на мост во с.Разловци, мост пред населба Стар монопол и мост пред Градски гробишта)
- Обележување на пешачки премини;

Во склоп на оваа работна единица а согласно Законот за комунални дејности ЈПКД"Брегалница"-Делчево врши и одржување и управување со градски гробишта и вршење на погребални услуги (продажба на погребална опрема, транспорт на мртовци, погребување, водење евиденција за гробни места, резервации и уредување на градски гробишта)

Во 2012 година се планирани : Изградба на ограда на градски гробишта од метални столбови и универзал плетиво и Изградба на нова парцела со нови гробни места.

ЈПКД"Брегалница"-Делчево стопанисува со градскиот зелен пазар лоциран времено позади Домот на културата на ул. "С.Марковиќ". Пазарот зафаќа површина од околу 1500м2. Имајќи предвид дека е тоа само времена локација која не одговара за таквата намена и не ги исполнува пропишаните законски услови неопходно е утврдување на трајна локација и изградба на современ пазар.

ЈПКД "Брегалница"-Делчево како субјект кој стопанисува со постоечкиот пазар во 2012 година ќе продолжи со изработка и поставување на нови тезги како и тековно одржување и покривање на постоечките.

**Група за одржување и уредување на паркови, зелени површини и речни корита**

Во делокругот на работната единица за одржување и уредување на јавни и зелени површини и речни корита е предвидено редовно планирање на зелените површини во градот, нивно уредување со соодветни видови зелени и цветни насади, со култури од висок саден материјал, изразито стручно градинарско уредување со окопување и чистење на осушени и застарени гранки.

За извршување на дејностите оваа работна единица располага со следната машинска опрема:

- Четири моторни косилки;
- Четири рачни моторни коси-тримери;
- Една моторна косилица со седиште;

Во текот на 2012 година планирано е да се обезбеди преку донација уште една моторна косилица со седиште за косење на поголеми тревни површини.

Во 2012 година се планираат следните работни активности:

- Уредување на Паркот пред Споменикот на Гоце Делчев во површина од 3500м2 при што истиот ќе содржи:
- Парк со Споменик на Гоце Делчев и Црква;
- Паркинг простор;
- Детско игралиште;
- Градски парк;

Озеленувањето на паркот пред Споменикот на Гоце Делчев и црквата е конципирано да се базира на употреба на високо декоративни дрвенести и грмушести растенија и цвеќиња. Притоа ќе бидат извршени следните работи: набавка и засадување на украсни растенија и дрвца, набавка и засадување на сезонско цвеќе; машинско косење на тревник и прихранување на тревни површини со арско ѓубре; набавка и поставување на распрскувачи; изведување на пешачки патеки и поплочени површини, езерца и други парковски елементи (клупи, корпи за отпадоци, фонтани, светилки и др..

-Уредување на Градскиот парк во површина од 7500 м2 : Засадување на украсни зимзелени дрвца и грмушки и засадување сезонско цвеќе; машинско косење на тревник и прихранување на тревни површини со арско ѓубре;

-Припрема на земјиштето пред Спомен дом АСНОМ (кај скали) и засејување со парковска трева; поставување на ивичњаци околу озеленетите површини.

-Уредување на Кеј на Брегалница: Набавка и поставување на корпи за отпадоци; набавка и поставување на клупи за седење; поставување на камен околу засадените дрва и обликување на истите; набавка и засадување на сезонско цвеќе.

-Уредување на жардинериите на ул.Маршал Тито и М.М.Брицо: постелување со органско ѓубре на полуиспразнетите жардинерии;набавка и засадување на украсни зимзелени цветни грмушки; засејување на парковска трева и поставување на систем за наводнување капка по капка;

- Целосна реконструкција и уредување на просторот помеѓу коловозните ленти и набавка и Засадување на нови украсни грмушки на Булевар Македонија;

- Уредување на коритото на река Габровчица од мостот кај Општина Делчево се до крајот на урбанизираниот дел од градот низ кој поминува река Габровчица со отстранување на дрвјата по коритото и усмерување на водотекот какои и подигање и одржување на тревни површини од двете страни на река Габровчица.

Со оглед на тоа што ЈПКД "Брегалница"-Делчево не наплаќа надомест за одржување на паркови и зеленило во сметките за комунални услуги потребните средства за одржување на јавните зелени површини ќе се обезбедат средства собрани по основ на надомест за јавна чистота и од наменски средства од Буџетот на Општина Делчево.

**ПРЕГЛЕД**

На редовни работни активности околу одржување на паркови и зеленило во градот Делчево

| **Работни операции** | **Кеј на р. Брегалница и Габровчица** | | **Градски парк АСНОМ** | | **Стази на Бул. Македонија** | | **Споменик на Гоце Делчев** | | **Жардинери** | | **Скверови** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М2 | Повт | М2 | Пов | М2 | Пов | М2 | Пов | М2 | Пов | М2 | Пов |
| Собирање хартија и отпадоци | 20.000 | 40 | 7.500 | 40 | 11.090 | 40 | 3.500 | 40 | 9.750 | 40 | 4.600 | 8 |
| Машинско косење | 20.000 | 12 | 7.500 | 16 | 11.000 | 12 | 3.500 | 12 | 9.750 | / | 4.600 | 6 |
| Гребулење тревник пред машинско косење | 20.000 | 8 | 7.500 | 6 | 11.000 | 8 | 3.500 | 8 | 9.750 | / | 4.600 | 3 |
| Гребулење и собирање трева | 20.000 | 12 | 7.500 | 16 | 11.000 | 12 | 3.500 | 12 | 9.750 | / | 4.600 | 8 |
| Изнесување трева со колич. | 20.000 | 8 | 7.500 | 6 | 11.000 | 8 | 3.500 | 8 | 9.750 | / | 4.600 | 3 |
| Утовар на гранки | 20.000 | 2 | 7.500 | 4 | 11.000 | 4 | 3.500 | 8 | 9.750 | / | | |
| Сечење на плевел по патеки | 20.000 | / | 7.500 | 6 | 11.000 | 6 | 3.500 | / | 9.750 | 6 | 4.600<br>4.600 | /<br>6 |
| Рачно косење | 20.000 | 9 | 7.500 | / | 11.000 | 4 | 3.500 | / | 9.750 | / | 4.600 | 4 |
| Полевање тревник (рачно) | 20.000 | 12 | 7.500 | 8 | 11.000 | 8 | 3.500 | / | 9.750 | 12 | 4.600 | 4 |
| Полевање трева со распрскувачи | 20.000 | / | 7.500 | 12 | 11.000 | 12 | 3.500 | / | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Окопување на грмушки во паркови | 20.000 | / | 7.500 | 8 | 11.090 | / | 3500 | 4 | 9750 | 12 | 4600 | / |
| Окопување-прашење ружи | 20.000 | / | 7.500 | / | 11.090 | 6 | 3.500 | / | 9.750 | 6 | 4.600 | / |
| Окопување дворед | 20.000 | 8 | 7.500 | / | 11.090 | 8 | 3.500 | / | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Кастрење гранки од врба | 20.000 | / | 7.500 | / | 11.090 | / | 3.500 | 3 | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Сечење суви дрва | 20.000 | 1 | 7.500 | 1 | 11.090 | 1 | 3.500 | 1 | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Метење патеки | 20.000 | / | 7.500 | 10 | 11.090 | 20 | 3.500 | 5 | 9.750 | 10 | 4.600 | / |
| Поправка на парковски клупи и бојадисување | 20.000 | / | 7.500 | 1 | 11.090 | / | 3.500 | / | 9.750 | / | 4.600<br>4.600 | 2<br>/ |
| Одржување на жардинерии-полевање | 20.000 | / | 7.500 | / | 11.090 | / | 3.500 | / | 9.750 | 12 | 4.600 | / |
| Собирање лисја со изнесување | 20.000 | 9 | 7.500 | 9 | 11.090 | 6 | 3.500 | 5 | 9.750 | 4 | 4.600 | 2 |
| Рачен утовар на лисја и гранки | 20.000 | 8 | 7.500 | 5 | 11.090 | 4 | 3.500 | 5 | 9.750 | 2 | 4.600 | 2 |
| Кроење на зимзелени, цветни грмушки и алпинуми | 20.000 | / | 7.500 | 2 | 11.090 | 2 | 3.500 | / | 9.750 | 2 | 4.600 | 2 |
| Садење садници | 20.000 | / | 7.500 | 1 | 11.090 | / | 3.500 | / | 9.750 | 1 | 4.600 | 1 |
| Прихранување на тревни површини | 20.000 | 1 | 7.500 | 1 | 11.090 | 1 | 3.500 | 1 | 9.750 | 1 | 4.600 | 1 |

Вкупни површини --градско зеленило кои редовно ги одржува
ЈПКД "Брегалница"-Делчево

| Р. бр. | Локација-место | Површина во м2 |
|---|---|---|
| 1 | Кеј на река Брегалница | 10.000 |
| 2 | Кеј на река Габровчица | 10.000 |
| 3 | Градски парк АСНОМ | 7.500 |
| 4 | Парк пред споменик на Гоце Делчев | 3.500 |
| 5 | Скверови | 4.600 |
| 6 | Озеленети стази на Бул. Македонија | 11.090 |
| 7 | Парк пред комплекс Делчевчанка | 200 |
| 8 | Универзално спортско игралиште зад стар Пожарен дом | 390 |
| 9 | Детско игралиште во Стар расадник | 80 |
| 10 | Детско игралиште Милково Брдо | 250 |
| | ВКУПНО | 47.610 |

Покрај горенаведените дејности во оваа работна единица исто така спаѓа и одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево.

Активностите кои ќе се вршат во одржувањето на јавната чистота се предвидени во Програмата за одржување на јавна чистота која секоја година ја донесува Советот на Општина Делчево.

Во одржување на јавната чистота ЈПКД "Брегалница´-Делчево ќе се ангажира за следните работи предвидени подетално во Програмата за одржување на јавната чистота:

- Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други отворени јавни површини;
- Миење на улиците;
- Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосферски наноси,
- Расчистување на диви депонии и
- Чистење на снегот и мразот од тротоарите и пред јавните објекти.

## ПЛАНИРАНО ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ ЗА 2012 ГОД.

| **Инвестиција** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Замена на азбест цементни цевки со ПВЦ или ПЕ цевки во населба Ново Делчево во должина од 1000 м1 | 2.000.000.00 |
| Замена на азбест цементни цевки со ПВЦ или ПЕ цевки на улица "М.М.Брицо" и Ѓорче Петров" во должина од 800м1 | 2.000.000.00 |
| Реконструкција на главна водоводна линија на улица "Велко Влаховиќ" и на дел од улица "Питу Гули" | 1.850.000.00 |
| Изградба на дел од водоводна мрежа во населба "Басарица" | 1.200.000.00 |
| Изградба и продолжување на фекална канализација во градот Делчево (Спортски центар, Стрелиште, Пустевски ендек) | 1.500.000.00 |
| Набавка на градежна машина мини ровокопач | 900.000.00 |
| Набавка на садови за собирање пластика | 100.000.00 |
| Санација и оградување на депонија | 100.000.00 |
| Оградување и уредување на градски гробишта | 200.000.00 |
| ВКУПНО: | 9.850.000.00 |

Средствата за реализација на предвидените програмски активности и инвестиции ќе се обезбедат од:

-Сопствени приходи

-Буџетот на Општина Делчево

-Средства од Програми на Владата на Р.М и Министерствата и фондовите;

-Донации, грантови кредити и сл.

**П Л А Н**

**На приходите по видови во 2012 година**

I. ДИСТРИБУЦИЈА,ОДРЖУВАЊЕ,РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ИНСТАЛАЦИЈА

1.ВОДА

а) Домаќинства(физички лица)............ 12.932.400,00 денари

б) Правни лица............ 2.891.700,00

в) Водоприклучна согласност............ 254.520,00

г) Приходи од продажба на водомери ............ 230.000,00

2.КАНАЛИЗАЦИЈА

а) Домаќинства(физички лица)............ 3.490.600,00

б) Правни лица ............ 926.000,00

II СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

а) Домаќинства(физички лица)............ 7.252.000,00

б) Правни лица............ 2.737.200,00

в) Приходи од продажба на канти за отпад ............ 320.000,00

III ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА

а) Домаќинства(физички лица)............ 1.350.000,00

б) Правни лица............ 360.000,00

IV ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ, ГРАДСКИ ГРОБИШТА

а) Приходи од продадена погребална опрема............ 264.600,00

б) Продажба на гробни места............ 1.200.000,00

в) Погребални услуги-превоз............ 274.000,00

в) Резервации на гробно место ............ 164.000,00

г) Гробна такса (гробарина) ............ 325.000,00

V ПРИХОДИ ОД ПАЗАРИШНА ТАКСА............ 760.000,00

VI ПРИХОДИ ОД ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ............ 2.900.000,00

VII ДРУГИ ПРИХОДИ (од камати, од поранешни години и сл) 1.400.000.00

СЕ ВКУПНО: 40.032.020,00 ден.

16.12.2011 год.
Делчево

ЈПКД"Брегалница"- Делчево
Д и р е к т о р
Николчо Николовски